## ТРЊЕ ДА БЕВМЕ РОДЕНИ

О Вие наши мајки колнати
Што не́ родивте сите до еден крвопредавници?
Трње да не родевте поарно ќе беше,
Душмани очи со нас да си бодеа;
Не родивте под три лажни слободи.
Турците биле ама исав и аман имале,
Овие сега ни исав имаат ни во аман веруваат.
Во гроб сите сакаат да не́ кладат овие гробари.

Нив велеа: «Ставајте браќа не спијте,
Земајте пушки патрони, со Бугари да се биеме
За мајка Македонија, да стане автономија!»
И кога слободата беше на прагот
Пушките во грбот ни ги свртеа,
Братучедот на Караорман го убија
А дома лажно писмо пратија
Оти на Срем за «братство единство» загинал.

Се вратив од борбата ко победен
Се чувствував измамен и со незараснати рани,
Мајка ми со солзи морници студени ме пречека
А јас плачев за изневерениот идеал,
за продадената револуција.
Дома ги најдов и сираците малолетни
На братучедот што го убија предавници наши
Зашто не́ викаше да одиме за Солун.
Тогаш моето срце на борец за мајка Македонија
Се свитка од жал и ја разбра трагедијата цела
На нашиот народ на нашата земја.
О колку сме несреќни мајко Македонијо!
Но знам дека за твојата правда света



Пак требе да се умира, пак требе борба да се
води